# *СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ПЕХЧЕВО*

| | | |
|---|---|---|
| **Службен гласник на Општина Пехчево** | **Среда 06.05.2026 год.** | **Уредува: Душко Миовски** |
| **Излегува по потреба Гласникот е бесплатен** | **Број 4 - Година 2026** | **Општина Пехчево тел. (033) 441-321** |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002 и Сл.Весник на РСМ бр.202/24), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Службен гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на актите од Советот на општина Пехчево**

Се објавуваат актите донесени од Советот на општина Пехчево на 7-та седница одржана на ден 06.05.2026 година, во Службен Гласник на општина Пехчево и тоа:

1. Одлука за настаната штета од елементарна непогода во општина Пехчево;
2. Одлука за изменување и дополнување на членови на Комисијата за процена на штета при елементарни непогоди;
3. Одлука за сопствено учество (кофинансирање) на проектот - “Реконструкција на административна зграда на Општина Пехчево”;

Бр. 09-496/1 
06.05.2026 год. 
Пехчево

Општина Пехчево
Градоначалник
Александар Китански с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002 и Сл.Весник на РСМ бр.202/24), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за настаната штета од елементарна непогода во општина Пехчево**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за настаната штета од елементарна непогода во општина Пехчево, што советот на општина Пехчево ја донесе на 7-та седница одржана на ден 06.05.2026 година.

Бр. 09-496/2
06.05.2026 год.
Пехчево

Општина Пехчево
Градоначалник
Александар Китански с.р

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.05/02 и Сл.Весник на РСМ бр.202/24) и член 30 точка 40 од Статутот на општина Пехчево (Службен гласник на општина Пехчево бр.03/2021), а во согласност со член 2 и член 11 став 3 од Законот за заштита и спасување (Сл.Весник на РМ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16, 83/18 и Сл.Весник на РСМ бр. 215/21 и 124/25), Советот на општина Пехчево на седницата одржана на ден 06.05.2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за настаната штета од елементарна непогода во општина Пехчево**

Член 1

Советот на општина Пехчево донесува Одлука дека во мај месец 2026 година имаше елементарна непогода (голомразица) во општина Пехчево каде што има направено штета врз земјоделски култури.

Член 2

За утврдување на штетата која е настаната како резултат од непогодата голомразица, Комисијата за процена на штета од елементарни непогоди, во законски рок да направи увид и да ја утврди штетата по секое поднесено барање од граѓаните.

Член 3

Комисијата при извршување на својата работа е должна да постапува во согласност со прописите за заштита и спасување и Единствената методологија за процена на штетите од елементарни и други непогоди.

Член 4

Се задолжува Комисијата за процена на штета од елементарни непогоди по завршената работа да изготви извештај и истиот да го достави до Градоначалникот на општина Пехчево и Советот на општина Пехчево.

Член 5

За пријавување на штетите од настанатата непогода голомразица да бидат известени граѓаните каде што имало непогода за да достават барања за проценка на штета до Комисијата за процена на штета од елементарни непогоди во општина Пехчево.

Член 6

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето и истата ќе се објави во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр. 08-492/1<br>06.05.2026 год.<br>Пехчево

Совет на општина Пехчево<br>Претседател<br>Миле Гошевски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002 и Сл.Весник на РСМ бр.202/24), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за изменување и дополнување на членови на Комисијата за процена на штета при елементарни непогоди**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за изменување и дополнување на членови на Комисијата за процена на штета при елементарни непогоди, што советот на општина Пехчево ја донесе на 7-та седница одржана на ден 06.05.2026 година.

Бр. 09-496/3 — Општина Пехчево
06.05.2026 год. — Градоначалник
Пехчево — Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 32 став 2 од Законот за локалната самоуправа (Сл. весник на Р.М бр.05/2002 и Сл.Весник на РСМ бр.202/24), и член 31 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), Советот на општина Пехчево на седницата одржана на 06.05.2026 година донесе

**О Д Л У К А**
**за изменување и дополнување на членови на Комисијата за процена на штета при елементарни непогоди**

**Член 1**

Во член 2 од Одлуката за формирање Комисија за процена на штета при елементарни непогоди бр.08-1223/1 од 20.11.2025 година (Сл.Гласник бр. 08/2025) се додаваат 2 нови членови:

Миле Гошевски - МЗШВ;
Александра Богдановска – АФПЗРР;

**Член 2**

Одлуката стапува во сила од денот на објавувањето во Службен Гласник на општина Пехчево.

Бр. 08-493/1 — Совет на општина Пехчево
06.05.2026 год. — Претседател
Пехчево — Миле Гошевски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002 и Сл.Весник на РСМ бр.202/24), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за сопствено учество (кофинансирање) на проектот - “Реконструкција на административна зграда на Општина Пехчево”**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за сопствено учество (кофинансирање) на проектот - “Реконструкција на административна зграда на Општина Пехчево”, што советот на општина Пехчево ја донесе на 7-та седница одржана на ден 06.05.2026 година.

Бр. 09-496/4<br>06.05.2026 год.<br>Пехчево

Општина Пехчево<br>Градоначалник<br>Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“бр.5/02 и 202/24) и член 30 од Статутот на Општина Пехчево („Сл.гласник на Општина Пехчево бр.3/21), а во врска со Проектот за енергетска ефикасност во јавниот сектор (ПСЕЕП), Советот на Општина Пехчево на 7-ма седница одржана на ден 06.05.2026 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за сопствено учество (кофинансирање) на проектот-**
**“Реконструкција на административна зграда на Општина Пехчево”**

Член 1

Советот на Општина Пехчево дава согласност за сопствено учество (кофинансирање) за реализација на проектот „Реконструкција на административна зграда на Општина Пехчево“.

Член 2

Средствата за реализација на Проектот за „Реконструкција на административна зграда на Општина Пехчево, КП 1068 и КО Пехчево за спроведување на мерки за енергетска ефикасност“ се обезбедени со договорот за под-заем и грант бр.08/2025 склучен помеѓу Министерство за финансии и Општина Пехчево од 31.12.2025 година, во рамки на Проектот за енергетска ефикасност во јавниот сектор финансиран со заем од Меѓународната банка за обнова и развој – Светска банка.

Член 3

Општина Пехчево ќе кофинансира средства од Буџетот на општината доколку за реализација на проектот се надмине вредноста која е финансирана со средствата од Договорот за под-заем и грант со Министерство за финансии.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Пехчево“.

Бр. 08-494/1
06.05.2026 год.
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Миле Гошевски с.р.

---

**С О Д Р Ж И Н А:**


1. Одлука за настаната штета од елементарна непогода во општина Пехчево ________________2;
2. Одлука за изменување и дополнување на членови на Комисијата за процена на штета при елементарни непогоди ____________________________________________________________4;
3. Одлука за сопствено учество (кофинансирање) на проектот - “Реконструкција на административна зграда на Општина Пехчево” ______________________________________ 5;